# ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефон/факс: (033) 351-770
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: info@cesinovo-oblesevo.gov.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 31-2306/2
31.12. 2022 год.
ОБЛЕШЕВО

**До**
**Институт за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ**
**Бул.Авној бр.16/1-31**
**- Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Во врска со Ваше Барање за пристап до информации од јавен карактер Ви го доставуваме следниот одговор:

1. Општина Чешиново-Облешево е основач на ЈПКД „Облешево"
   Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија до општината се доставуват тромесечни извештаи
   За прво тромесечие од 2022 година доставен Извештај до општината 03-733/1 од 06.04.2022 година
   За второ тромесечие од 2022 година доставен Извештај до општината 03-1453/1 од 21.07.2022 година
   За трето тромесечие од 2022 година доставен Извештај до општината 03-1988/1 од 27.10.2022 година
2. На веб страната на општината се објавуваат тромесечните извештаи:
   https://cesinovo-oblesevo.gov.mk/2022-8/
3. Во 2022 година дадена е согласност на Одлуката за зголемување на цените на комунални услуги
   ПРИЛОГ: Извадок од Сл.гласник на општина Чешиново-Облешево
4. Во текот на 2022 година е разрешен еден член на УО на ЈПКД „Облешево", на негово барање
   ПРИЛОГ: Извадок од Сл.гласник на општина Чешиново-Облешево
5. Во наведените години нема случај на разрешување на член на УО поради недавање на согласност на годишната сметка и на извештајот за работење на ЈПКД 2Облешево'
6. На веб страната на општината се објавени само имињата на членовите на УО и НО на ЈПКД
   https://cesinovo-oblesevo.gov.mk/%d1%98%d0%bf%d0%ba%d0%b4/
7. Нема посебни интерни акти и документи за пријавување и процена на судир на интереси согласно член 18 од ЗЈП
8. Немало ниту еден случај на пријава на судир на интереси согласно член 18 од ЗЈП
9. Во Годишната Програма за процена на ризици од корупција не се наведени соодветни одредби за јавното претпријатие.
10. Во наведените години соработкаата со членовите на УО на ЈПКД „Облешево" е коректна
11. На почетокот на 2022 година поради низа недоследности во работата беше разрешена директорката на ЈПКД „Облешево.
    ПРИЛОГ: Сл.гласник на општината со Одлуката за разрешување
    https://cesinovo-oblesevo.gov.mk/wp-content/uploads/2022/03/%D0%93%D0%BB%D0%B0%D1%81%D0%BD%D0%B8%D0%BA-32022.pdf
12. Се остваруваат редовни, неофицијални средби со директорот на ЈПКД „Облешево", додека со членовите на УО се остваруваат средби по потреба.

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Облешево за 2022 година за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и спортски клубови бр.02-154/1 од 24.01.2022 година.

Средствата од став 1 на овој член да бидат наменети за котизација за учество во трета лига исток, трошоци за превоз, трошоци за надоместок на фудбалери, трошоци за доктор и камера за сниунамње на натпреварите и други трошоци кои се директно поврзани со натпреварите а за кои постои доказ дека истите се реално направени.

За секој направен трошок Барателот е должен да достави доказ до Одделението за финансии во општината (фактура, договор) за да можат да бидат исплатени средствата.

Барателот да достави доказ за регистрација на клубот и доказ дека истиот учествува во натпреварите „Трета лига исток" сезона пролет – есен 2022.

Член 2

Градоначалникот на општината и Претседателот на „ФК Чешиново 2015" Чешиново, ќе склучат посебен Договор за трансфер на средства (исплата на направени трошоци), предвидени во член 1 од оваа Одлука.

Член 3

Средствата се предвидени во Буџетот на општината за 2022 година.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-385/1
24.02.2022 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за прогласување и објавување на Одлуката за давање на Согласност на Одлуката за зголемување на цените на комунални услуги**

1.Ја прогласувам Одлуката за давање на Согласност на Одлуката за зголемување на цените на комунални услуги, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 23.02.2022 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-396/1
24.02.2022 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

---

Врз основа на член 11, став 1, точка 4 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на Република Македонија бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016, 64/2018 и 35/19 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и 7/2019), Советрот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 23.02.2022 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за давање на Согласност на Одлуката за зголемување на цените на комунални услуги**

Член 1

Се дава Согласност на Одлуката за зголемување на цените на комуналните услуги бр.02-46/1 од 04.02.2022 година, донесена од Управниот одбор на ЈПКД „Облешево"

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе почне да се применува од 01.03.2022 година.

Одлуката да се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-386/1
24.02.2022 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
**за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Барање за одобрување на финансиски средства на Влатко Коцев од с.Теранци**

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Барање за одобрување на финансиски средства на Влатко Коцев од с.Теранци, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 23.02.2022 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-397/1
24.02.2022 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 23.02.2022 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
**за усвојување на Барање за одобрување на финансиски средства на Влатко Коцев од с.Теранци**

Член 1

Се усвојува Барањето од Влатко Коцев од с.Теранци за одобрување на финансиски средства во висина од 8.000,00 денари (осум илјади денари) за купување на цевки и изработка на подвижни стативи со димензии 5 х 2 м, за потребите на фудбалскиот клуб „Академија Чешиново-Облешево".

Барателот да достави доказ за наменско потрошени средства.

Член 2

Средствата да се уплатат на сметка 250000302346492 Шпаркасе банка.

Член 3

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесувањето и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-387/1
24.02.2022 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
**за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Барање за одобрување на материјална помош на Дарко Стефанов од с.Чифлик**

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Барање за одобрување на материјална помош на Дарко Стефанов од с.Чифлик, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 23.02.2022 година.

Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за разрешување и именување на член на Управниот Одбор на ЈПКД „Облешево“**

1.Ја прогласувам Одлуката за разрешување и именување на член на Управниот Одбор на ЈПКД „Облешево", што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 15.03.2022 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-561/1 Општина Чешиново-Облешево
16.03.2022 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 5 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став , точка 28 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015), а во согласност со член 17 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на Република Македонија бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и Службен весник на Република Северана Македонија бр. 275/19), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 15.03.2022 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За разрешување и именување на член на Управниот Одбор на ЈПКД „Облешево“**

Член 1

Васе Анакиев од с.Облешево се разрешува од член на Управен одбор на ЈПКД „Облешево" заклучно со 15.03.2022 година, на негово барање.

Член 2

Тина Петрова од с.Чешиново се именува за член на Управен одбор на ЈПКД „Облешево" почнувајки од 16.03.2022 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-550/1 Совет на
16.03.2022 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Барање за одобрување на материјална помош на група граѓани од с.Спанчево**

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Барање за одобрување на материјална помош на група граѓани од с.Спанчево, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 15.03.2022 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-567/1 Општина Чешиново-Облешево
16.03.2022 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен